Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА - MINISTRIA E DREJTESISE
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PER PERFAQESIMIN E REPUBLIKES SE MAQEDONISE SE VERIUT
PARA GJYKATES EVROPIANE PER TE DREJTAT E NJERIUT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar: | 26-01-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 0302-39/1 | | | |

Знак Shenja ark. ___
Рок на чување Afati ruajtes 1 год
___ 20__ год.-viti
Потпис/Nënshkrim.

Барање за информација од јавен карактер
[redacted]
to:
biroescp
25.01.2021 15:54
Hide Details
From: [redacted]
To: biroescp@mjustice.gov.mk,

Почитувани,

Во текстот на Пресудата на ЕСЧП „Стрезовски и др. против Р.С.Македонија" заведена по апликација бр.14460/16 е наведено дека Владата во поткрепа на наводите за неискористеност на сите правни средства од страна на апликантите, се повикува на правосилни судски одлуки на македонските судови со кои се усвоиле тужбените барања на таму тужителите за **стекнување без основ,** аргументирајќи дека апликантите можеле да ја искористат тужбата за стекнување без основ како правно средство во остварување на нивните барања.

Со оглед да мојот клиент веќе ја разгледува можност за искористување на ова правно средство, како би превенирал дополнителни трошоци на постапката пред ЕСЧП, Ве замолувам да ме известите за **<u>бројот на судските одлуки на кои сте се повикале во Вашите владини наводи и датумот на нивното донесување</u>**, а како би можела да ја разгледам можноста за ова искористување на ова правно средство, односно дали истото би било соодветно да се искористи во предметот на мојот клиент.

--
**Со почит,**

**Адвокат** [redacted]
**Седиште:** [redacted]
**Контакт:** [redacted]
**E-mail:** [redacted]

**Kind regards,**

**Attorney at law** [redacted]
**Address:** [redacted]
**Phone Number:** [redacted]
**E-mail:** [redacted]

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА MINISTRIA E DREJTËSISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PËR PËRFAQËSIMIN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
PARA GJYKATËS EVROPIANE PËR TË DREJTAT E NJERIUT
Бр.-Nr. 0302-39/2
27-01-2021 20____ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерството за правда-Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/19) одлучувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 0302-39/1 од 26.01.2021 година доставено од [redacted] донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 0302-39/1 од 26.01.2021 година доставено од [redacted] се уважува.

**Образложение**

[redacted] до Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП се обрати со барање за пристап до информации од јавен карактер. Барањето е доставено по електронска комуникација на 25.01.2021 година, а е заведно во архивата на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП под бр. 0302-39/1 од 26.01.2021 година.

[redacted] со барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер во контекст на пресудата на ЕСЧП во случајот *Стрезовски и други против РСМ*, А.бр. 14460/16, најпрво посочи дека согласно текстот на пресудата на ЕСЧП во овој случај, произлегува дека Владата во случајот, приговарала за неисцрпеност на домашните правни лекови од страна на апликантите, повикувајќи се на правосилни судски одлуки на македонските судови со кои се усвоиле тужбените барања на таму тужителите за стекнување без основ, а потоа побара да биде известена за бројот и датумот на донесување на судските одлуки на кои Владата се повикала во постапката пред ЕСЧП, како би можела да ја разгледа можноста за искористување на ова правно средство и неговата соодветност во предмет на нејзин клиент.

Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП го разгледа горенаведеното барање на подносителката за наведување на судските одлуки на кои Владата се повикала во случајот *Стрезовски и други против РСМ* и констатираше дека Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП е имател на овие информации. Правосилните судски пресуди доставени од страна на Владата во наведениот случај пред ЕСЧП се следните: Основен суд Свети Николе – Малв.П.бр.132/13 од 22.04.2013 година; Основен суд Охрид – П1-4877/13 од 28.05.2013 година; Основен суд Охрид – П1-115/13 од 21.01.2013 година;

Основен суд Куманово – II.Малв.П.бр.878/13 од 15.01.2014 година; Основен суд Прилеп МАЛВП-1503/2013 од 12.06.2013 година.

Со оглед на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

В.Д. Директор на Бирото за застапување

на РСМ пред ЕСЧП – Владин агент

м-р Даница Џонова